Врз основа на член 38 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.82/18), член 25 од Статутот на Приватната непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (понатаму: Бреинстер Некст Скопје) и членовите 16 и 21 од Статутот на Студентското собрание на Бреинстер Некст Скопје, Директорот на Бреинстер Некст Скопје на 26.01.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за распишување на избори на членови на студентско собрание**

**на Бреинстер Некст Скопје**

1. Се распишуваат избори за членови на студентско собрание на Бреинстер Некст Скопје, кои треба да се одржат во рок од 30 дена од денот на стапување во сила на оваа одлука.
2. Се именува изборна комисија во состав од:
   - Петар Ивановски- студент, претседател на Студентско собрание
   - Дамјан Ангеловски - студент
   - Анја Марија Макеска- предавач
3. Се задолжува изборната комисија да ги спроведе изборите на членови на студентското собрание и да ги утврди резултатите од гласањето имајќи ги во предвид законските одредби.
4. Изборната комисија престанува да постои, откако ќе се завршат изборите во студентското собрание.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзино усвојување и истата треба да се објави на интернет страницата на Бреинстер Некст Скопје.
6. Одлуката да се достави до директорот, именуваните членови на изборната комисија академскиот координатор и до архивата на Бреинстер Некст Скопје.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Студентското собрание е тело на Бреинстер Некст во кое членуваат претставници на студентите. Право да избираат и да бидат избрани за членови на студентското собрание имаат сите студенти, кои се запишани на студии во учебната година во која се избира студентското собрание. Изборите се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во соодветниот семестар.

Студентското собрание е составено од најмалку по 1 (еден) претставник од секоја програма од секоја студиска година, кои се избираат на тајни и непосредни избори. Кандидатите за претставници се утврдуваат на собири на студентите по години на студии, со тоа што од секоја студиска година/студиска програма се предлагаат кандидати за претставници на студентското собрание.

Врз основа на член 38 од Законот за високото образование (Сл.весник на РМ бр.82/18) и членовите 25, 26, 27 и 28 од Статутот, директорот на Бреинстер Некст Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Бреинстер Некст Скопје**
**Директор**

**М-р Анја Марија Макеска**